# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| Број 22 | 30.09.2022 година |
|---|---|



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година | 8 |
| Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година | 9 |
| Решение за објавување на Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година | 10 |
| Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година | 10 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година за ублажување на последиците од елементарна непогода-поплава на територијата на Општина Кавадарци | 11 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година за ублажување на последиците од елементарна непогода-поплава на територијата на Општина Кавадарци | 12 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година | 13 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година | 15 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2022/2023 (зимска служба) | 16 |
| Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2022/2023 (зимска служба) | 23 |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци | 23 |
| Решение за изменување и дополнување на Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци | 24 |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за образование | 24 |
| Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за образование | 25 |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за еднакви можности | 26 |
| Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за еднакви можности | 27 |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за екологија | 28 |
| Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за екологија | 28 |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка | 29 |
| Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка | 29 |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за социјална заштита и заштита на деца | 30 |
| Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за социјална заштита и заштита на деца | 30 |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за урбанизам | 31 |
| Решение за изменување и дополнување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за урбанизам | 31 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за давање на трајно користење движни ствари опрема фотоволтаични модули (панели) без надомест на јавни институции на територијата на Општина Кавадарци | 32 |
| Одлука за давање на трајно користење движни ствари опрема фотоволтаични модули (панели) без надомест на јавни институции на територијата на Општина Кавадарци | 32 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат | 36 |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат | 36 |
| Решение за објавување на Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци вон-град | 37 |
| Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци вон-град | 38 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот | 39 |
| Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот | 39 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.88/2022 | 41 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.88/2022 | 42 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.85/2021 | 43 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.85/2021 | 43 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.22/22 | 45 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.22/22 | 45 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.28/22 | 46 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет | 47 |

| | |
|---|---|
| ВПП.бр.28/22 | |
| Решение за објавување на Одлука за престанок на важење на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци движна ствар – автобус на едно ниво со архивски бр. 08-1461/50 од 12.03.2021 година и давање согласност за раскинување на Анекс кон Договор за давање на трајно користење бр.09-455/1 од 25.01.2018 година | 48 |
| Одлука за престанок на важење на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци движна ствар – автобус на едно ниво со архивски бр. 08-1461/50 од 12.03.2021 година и давање согласност за раскинување на Анекс кон Договор за давање на трајно користење бр.09-455/1 од 25.01.2018 година | 49 |
| Решение за објавување на Одлука за давање на трајно користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ без надомест на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци | 50 |
| Одлука за давање на трајно користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ без надомест на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион – Тиквеш-Кавадарци | 51 |
| Решение за објавување на Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на međуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци | 51 |
| Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци | 52 |
| Решение за објавување на Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци | 52 |
| Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци | 53 |
| Решение за објавување на Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци | 53 |
| Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци | 54 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп | 55 |

| | |
|---|---|
| Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп | 56 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација – извршување на градежни работи од Друштво градежништво и трговија „Градба Промет„ Кавадарци | 57 |
| Одлука за примање донација –извршување на градежни работи од Друштво градежништво и трговија „Градба Промет„ Кавадарци | 58 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација за примање донација –извршување на градежни работи од ЈА-МИ експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци | 58 |
| Одлука за примање донација за примање донација –извршување на градежни работи од ЈА-МИ експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци | 59 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација извршување на градежни работи од Друштво за изведување на рударско градежни работи "МАШИНОКОП" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци | 60 |
| Одлука за примање донација извршување на градежни работи од Друштво за изведување на рударско градежни работи "МАШИНОКОП" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци | 60 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 61 |
| Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 61 |
| Решение за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2022/2023 година | 62 |
| Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2022/2023 година | 62 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 63 |
| Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 64 |
| Решение за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2022/2023 година | 64 |
| Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2022/2023 година | 65 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за | 65 |

| | |
|---|---|
| учебната 2021/2022 година | |
| Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 66 |
| Решение за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2022/2023 година | 67 |
| Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2022/2023 година | 67 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 68 |
| Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 68 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 69 |
| Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 70 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај работа на ООУ "Гоце Делчев" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 70 |
| Заклучок за усвојување на Годишен Извештај работа на ООУ "Гоце Делчев" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 71 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 71 |
| Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 72 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2021/2022 година | 72 |
| Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2021/2022 година | 73 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ОМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 73 |
| Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ОМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2021/2022 година | 74 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ЈП „Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2022 година | 74 |
| Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ЈП „Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2022 година | 75 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за | 75 |

| | |
|---|---|
| работењето на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ 1„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2022 година | |
| Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ 1„ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2022 година | 76 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на бод за пресметување на плата на вработените во ЈП“Мито Хаџивасилев Јасмин“ Кавадарци | 76 |
| Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на бод за пресметување на плата на вработените во ЈП“Мито Хаџивасилев Јасмин“ Кавадарци | 77 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека “Феткин“ Кавадарци за 2022 година | 77 |
| Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека “Феткин“ Кавадарци за 2022 година | 78 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека “Феткин“ Кавадарци за 2023 година | 78 |
| Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека “Феткин“ Кавадарци за 2023 година | 79 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на износ на надоместок на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите во ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци | 79 |
| Одлука за утврдување на износ на надоместок на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите во ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци | 80 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за одржување на гробишта во нас.Глишиќ и за утврдување на висина на надомест за нивно одржување | 80 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за одржување на гробишта во нас.Глишиќ и за утврдување на висина на надомест за нивно одржување | 81 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци | 81 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци | 82 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 82 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 83 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување | 83 |

| | |
|---|---|
| на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2022 година | |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2022 година | 84 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година | 84 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година | 85 |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изготвува Финансов План со кој се врши распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година со намена – Реализација на Проект за Реконструкција и пренамена на постојан објект на ул.7-ми Септември (Црвен Крст) .

Во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година се планира распределба на трошоци за:

- Програма ГА – Изградба на комерцијални објекти позиција-Конто 482920 Реконструкција на други објекти во износ од 9.536.893,00 денари, од кои 6.136.893 денари е учество од Буџетот на Општина Кавадарци, а остатокот од 3.376.361 денари е учество на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој на Република Македонија .

Оваа Одлука со нејзиното донесување ќе биде составен дел на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6019/1** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изготвува Финансов План со кој се врши распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година со намена – Реализација на Проект за Реконструкција на водовод за населба Ресавски залив на Тиквешко езеро.

Во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година се планира распределба на трошоци за:

- Програма ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување позиција,Конто 482720 Изградба на капацитети за водоснабдување во износ од 4.984.869 денари од кои 3.184.869 денари е учество од Буџетот на Општина Кавадарци, а остатокот од 1.800.000 е учество на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој на Република Македонија .

Оваа Одлука со нејзиното донесување ќе биде составен дел на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6019/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување на финански средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година за ублажување на последиците од елементарна непогода-поплава на територијата на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување на финански средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година за ублажување на последиците од елементарна непогода-поплава на територијата на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002) , член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финански средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година за ублажување на последиците од елементарна непогода-поплава на територијата на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, во вкупен износ од 384.000,00 денари, за ублажување на последиците од елементарна непогода-поплава на територијата на Општина Кавадарци, на ден 13.08 и 24.08.2022 година, согласно Извештај бр.08-5207/4 од 19.09.2022 година, Извештај бр.08-5207/6 од 19.09.2022 година и список на класификација на штети и определена сума за исплата на штети бр.08-5207/5 од 19.09.2022 година, составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1, ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година , конто 464990-други трансфери.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-6019/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/4**
**30.09.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ"бр. 32/20), член 132, став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година**

**Член 1**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.5/21...13/22), се врши следната измена и дополнување:

Глава: IV. Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица, се додаваат четири нови точки после точка 53, кои гласат:

54.„ Детален урбанистички план за УЕ 3, дел од Блок 3.1, „Благој Дафков", КО Глишиќ, Општина Кавадарци"

Површина на планскиот опфат-~2,2206 ха.
Граница на планскиот опфат:
-на север – осовина на улица „27 ми Март"
-на исток – осовина на улица „Благој Дафков"
-на југ - осовина на улица „Коле Неделковски"
-на запад - осовина на улица „Шишка"

Намена:
-А1 – Домување во куќи;
-Е2 – Згради и комплекси на инфраструктурните системи;
Во наведената иницијатива може да се применува член 80 и 81 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

55.„Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на 20/10Kv електричен кабелски подземен вод со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија за поврзување на фото напонски панели за

производство на електрична енергија на Љубаш 1, Љубаш 2 и Љубаш 3 до постоечка трафостаница на КП 10862/1, КО Кавадарци, Општина Кавадарци“

Должина на линиска градба -~3 км.

Трасата минува по земјиште на РСМ.

Намена:
Класа на намени – Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Поединачна намена -Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија;
Во наведената иницијатива може да се применува член 80 и 81 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

56.„Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) Љубаш 4 на КП 4331, КП 4332 и КП 4333, КО Кавадарци вгр, Општина Кавадарци“

Површина на планскиот опфат-~1,1 ха.

Граница на планскиот опфат:
-на север – локален пат КП 9612 КО Кавадарци вон
-на исток – КП 4330, дел од КП 4333, КО Кавадарци вон
-на југ - КП 4340, КП 4338, КП 4337, КП 4334 КО Кавадарци вон град
-на запад – дел од КП 4333 КО Кавадарци вон град

Намена:
Класа на намени – Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Поединачна намена -Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоволтаични плантажи);
Во наведената иницијатива може да се применува член 80 и 81 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

57.„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е-1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 1732, КП 1731/1, КП 1731/2, КП 1731/3, КП 1731/4, КП 1734, КП 1730, КП 1729, КП 1741, КП 1742, КП 1739, КП 1743/1, КП 1747, КП 1746/1, КП 1751, КП 1750/1 и КП 1750/2 КО Марена, Општина Кавадарци “

Површина на планскиот опфат-~7,88 ха.

Граница на планскиот опфат:
-на север –КП 775, КП 1723 КО Марена
-на исток – КП 1726, КП 1728, локален пат КП 1745, КП 1743/2, КП 1744, КП 1746/2, КП 1752/3, КП 1752/2, КП 1752/1 КО Марена
-на југ - КП 1754, КП 1755, КП 1756, КП 1757 и КП 1758 КО Марена
-на запад – дел од КП 786, КП 785, КП 784, КП 1748, КП 1738, КП 1740, дел КП 1736/1, КП 1735, КП 1733 и КП 776 КО Марена

Намена:
Класа на намени – Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Поединачна намена -Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоволтаични плантажи);
Во наведената иницијатива може да се применува член 80 и 81 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Член 2

Оваа Програма влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во ("Сл. Гласник на Општина Кавадарци" ).

**Бр.08-6019/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2022/2023 (зимска служба)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2022/2023 (зимска служба), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за јавни патишта ("Сл.весник на РМ"бр. 84/08...163/16), член 132 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „ бр.8/05...74/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**

**за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2022/2023**

**(Зимска служба)**

1. ВОВЕД

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за сезоната 2022/2023 година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Кавадарци и тоа преку:

- одредување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразиците на коловозните површини;
- дефинирање на правата и обврските на сите учесниците кои се одговорни за реализација на оваа Програма;
- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата.

2. **ОРГАНИЗАЦИОНА** ПОСТАВЕНОСТ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА И ОБВРСКИ **НА** УЧЕСНИЦИТЕ

На подрачјето на Општина Кавадарци, зимската служба ја организира Локална самоуправа Кавадарци, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на зимската служба.

Преку својот надзорен орган Општина Кавадарци ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работата.

Согласно Законот за јавни набавки се одредува правното лице - претпријатие кое ќе ја спроведува оперативната Програма и ќе остварува соработка со сите други субјекти во Општината задолжени за спроведување на Програмата за зимска служба.

Функционирањето на Зимската служба се остварува со следната организациона поставеност:

**2.1.** Правното лице на кое ќе му бидат отстапени работите
- преку целиот зимски период организира спремност за активирање на службата, во текот на 24 часа;
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатица од коловозните површини;
- возилата, машините и другата потребна механизација ја доведуваат во исправна состојба за дејствување во зимски услови и истата во текот на траењето

на зимската сезона ја чува на плацот на претпријатието или определени пунктови, како би можела при укажана потреба навремено да биде ставена во функција;
- води целосна документација за работата на зимската служба;
- доставува до нарачателот распоред на лица за следење на зимската служба, со податоци за работната рака и механизација;
- секојдневно и редовно го информира нарачателот за работата на зимската служба, како и надзорниот орган;
- ги прима и секојдневно ги доставува до Центарот за известување и тревожење извештаите и прогнозите за временските услови, нарачателот и Министерството за внатрешни работи;
- секојдневно изготвува извештај за извршените работи од смената во зимската служба.

За сезоната 2022/2023 година се обезбедуваат следните материјали:

- набавка на песок (ризла 1мм- 2мм);
- набавка на индустриска сол.

Наведените материјали ги набавува и се складираат во плацот на претпријатието на кое му е отстапена работата. Нивната употреба во зимски услови при температури помали од 7 С ќе биде како мешавина 3:1 (гранулиран песок и сол), заради посипување на нагорни и критични места, со исклучок на централното градско подрачје, каде што ке се исфрла само индустриска сол, на температура под 0 степени.

**2.2.** Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

- Ја координира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимската служба и обврските на учесниците;

**2.3.** Надзорен орган

Носителот на работите го определува надзорниот орган со Решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022/2023 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи:

- Ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;
- координира со органите и телата на Општина Кавадарци, со Центарот за управување со кризи, Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;
- дава налог за работа на претпријатието на кое му се отстапени работите.

**2.4.** Центар за управување со кризи

Центарот за управување со кризи не е непосредно вклучен во работата на Зимската служба, меѓутоа Центарот посредно ќе ја следи работата на службата преку благовремено информирање.

Во случај на природни непогоди и епидемии од поголеми размери на подрачјето на Општина Кавадарци во зимскиот период, кои не ќе можат да се

разрешат со организационата поставеност на Зимската служба, Центарот за управување со кризи превзема активности за информирање на субјектите кои имаат законска надлежност да се ангажираат во справувањето со настанатите ризици и опасности и дава предлози за управување со кризна состојба и изработува Процена на загрозеност на подрачјето на општините Кавадарци и Росоман од сите ризици и опасности, е во постојана комуникација, координација и соработка со субјектите на системот за управување со кризи на локално и регионално ниво и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците.

2.5 Други учесници

**2.5.1** Министерство за внатрешни работи - сообраќајна полиција Кавадарци

Сообраќајната полиција го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и патиштата и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти, ги отстранува паркираните возила како би се овозможило чистење на сообраќајниците.

**2.5.2** ЈП „Комуналец”- ОЕ „Зеленило и хигиена”

- Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;
- Ги расчистува пешачките зони и тротоарите, плоштадот и пешачккте пристапи до објектите кои се од витално значење, а се предвидени со оваа Програма, како и други јавни површини;
- чистење на снегот од ивиците на коловозите за нормално функционирање на сливниците;
- Врши сечење и одстранување од коловозот на паднати дрва и гранки;
- Го отстранува снегот од пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во градот и други работи сврзани со зимската служба.

**2.5.3** ЈП„Комуналец” - ОЕ Водовод и канализација:

-Ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови.

**2.5.4. ЕВН - КЕЦ „Електродистрибуција” - Кавадарци** ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации и објекти.

**2.5.5. Извршителите на јавниот градски и приградски превоз** - превземаат мерки на одстранување на снегот и мразот од автобуските постојки и објекти и нивно оспособување за користење;

**2.5.6.** „Македонски пошти” и „Македонски телекомуникации”- Кавадарци **- ги** презема сите мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди, инсталации и телефонски говорници.

**2.5.7. Претпријатијата, заедниците и граѓаните** чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (пазаришта, гробишта, бензински пумпи, паркиралишта и слични објекти) преземат брзи и ефикасни мерки за одстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

**2.5.8 Претпријатија, заедниците и граѓаните** - сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат мерки за чистење на снегот и подмрзнатицата пред своите објекти.

**2.5.9 Граѓаните** го чистат снегот и подмрзнатицата од тротоарите - патеките и приодите пред своите станбени згради.

Исто така, граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

## 3. ОБЕМ, ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

### 3.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите, утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот, и тоа:

- Сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот, кон стопанските и други објекти од интерес на општина Кавадарци;
- Пристапи (од сообраќајници до објекти) до објекти чие функционирање е од витално значење за Општината;
- Локални патишта.

Обемот на коловозните површини предвидени за оспособување даден е во прегледот за приоритетно расчистување на сообраќајниците (дел 4 од програмата).

Согласно прегледот, физичкиот обем за оспособување на коловозните површини за градски улици изнесува 70 км. а за локални патишта 30 км. или вкупно 100 км.

### 3.2. Динамика и ниво на одржување

Расчистувањето на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- Сообраќајници од прв приоритет по кој се одвива сообраќајот со критични точки и пристап кон објекти кои се од витално значење за општината и градот и други сообраќајници означени во прегледот;
- Сообраќајници од втор приоритет.

Отстранувањето на подмразнатиците во услови кога нема врнежи (падавини) се врши по приоритетот на критичните точки и сообраќајниците по кои се одвива сообраќајот.

Сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови најдоцна до 06,30 часот поради доаѓање на работните места на луѓето и учениците или за најмногу од 6 часа по престанувањето на снежните врнежи.

Сообраќајниците од втор приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 12-24 часа по оспособувањето на сообраќајниците од прв приоритет.

Доколку е потребно да се вклучи и друга механизација, тоа го врши претпријатието на кое му е доверена работата, по претходна согласност на надзорниот орган, а по налог на нарачателот.

Претпријатието на кое му е доверена работата треба да располага минимум со следната механизација, опрема и работна сила:
- Камион со нож за чистење на снегот и посипувач (4х4)
- Грејдер
- Утоварач со предна корпа
- Утоварач конбиниран со нож за чистење на снег (4х4)
- Трактор голем со нож зачистење на снег (4х4)
- Булдожер гасеничар со нож
- Трактор мал со приколица
- Теренско возило
- Камион кипер
-Камион-фрлач на снег на далечина со ширина од 2м до 3м(фреза)

## 4. ПРЕГЛЕД ЗА ПРИОРИТЕТНО ЧИСТЕЊЕ И ПОСИПУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ – УЛИЦИТЕ

### I. Приоритет

**- Градски сообраќајници –**

1. Бул.”Македонија”, Бул.”Блажо Алексов”, Бул.”Видое Смилевскии”, ул.”Шишка” (дел), Бул.”Моша Пијаде” и Бул.”Никола Минчев”.
2. Ул.”Мито Хаџивасилев”, спој со “Пионерска” до плоштадот.
3. Ул.”7 септември” од плоштадот до спој со ул.”Дисанска”
4. Ул.”Шишка” од спој на ул. со ”7 септември” до спојот со ул.”Видео Смилевски”
5. Ул.”Цано Поп Ристов” од спојот со ул.”7 септември” до спојот со ул.”Илинд енска”
6. Ул.”Пано Мударов” од спојот со “Илинденска” и во продолжение на ул.”8 Септември” до спојот со “Западен Булевар” пред АК “Тиквеш“.
7. Ул.”Ресавска од спојот со ул.”Пионерска” па по ул.”Тиквешко Востание” до плоштадот “Маршал Тито” и целиот плоштад ул. „Ресавска“, до ул. „Јован Планински“, ул. „Јован Планински“ до спој со ул. „Црноречка“ и ул. „Црноречка“
8. Ул.”Илинденска” со плоштадот до кружното движење
9. Ул.”Браќа Џунови” од спојот со ул.”7 септември” до детската градинка и ул.”Браќа Хаџитефови” со ул.”Миле В’чков” и спој со ул.”Тиквешко Востание”.
10. Ул.”Браќа Миладинови” од спој со ул.”Ќиро Крстев” спој со ул.”Методија Џунов Џико” и истата до спој со ул ”7 септември”.
11. Ул.”Димката Габерот” од спој со ул.”7 септември” до спој со ул.”Видое Смилевски” и ул.”Браќа Лазовски” до крај.
12. Ул.”Киро Крстев” од спој со ул.”7 септември” до спој со ул.”Димче Мирчев”.
13. Дел од ул.”Гоце Делчев” помеѓу ул.”8 Септември” и Бул.”Моша Пијаде”
14. Ул.”4 Мај”

Локални патишта

1. Локален пат бр.101
   Од регионален пат бр.1107 Кавадарци - Неготино до с.Марена и до с.Сопот
2. Локален пат бр.102
   Од регионален пат 1107 - Кавадарци - Мотел Дреново до с.Ресава и до с.Бегниште
3. Локален пат бр. 104
   Од регионален пат бр.1107 - Кавадарци - Мотел Дреново до с.Дреново

4. Локален пат бр. 110
Од регионален пат 1107 - Кавадарци - Мотел Дреново до “Мелци”
5. Локален пат бр.105
Од регионален пат бр.107 - Кавадарци - Мотел Дреново преку Возарци до ХЕЦ “Тиквеш“
6. Локален пат Раштани и локален пат Моклиште
7. Локален пат Ладно Долче-Страгово-Крњево-Бохула-Чемерско-Горна Бошава
8. Локален патт за с.Брушани
9. Локален пат за Михајлово
10. Локален пат извор Лукар

**II. Приоритет**

- Градски сообраќајници –

1. Ул.”Љубашка”,
2. ул.”Максим Горки”,
3. Ул.”Охридска”,
4. Бул.”Кочо Рацин”,
5. Бул.”Никола Минчев” од спој со Бул.”Македонија” до крај,
6. Ул.”Вељко Влаховиќ” пред банката,
7. Ул.”Цветан Димов” од спој со Бул.”Моша Пијаде” до крајот,
8. Ул.”Блажо Алексов” од спој со ул.”7 септември” до мостот на Бул.”Видое Смилевски”,
9. Ул.”Или Костов” од спој со ул.”Браќа Хаџитефови” до спој со ул.”Страшо Пинџур” и истата од “Тичвешко Востание“ до спој со ул.”Задругарска”,
10. Ул.”Ќиро Спанџев” од спојот со ул.”Ило Костов” до ул.”Браќа Џунови” и истата од ул.”Рајна Соколова” до спојот со ул.”Слога”,
11. ул.”Мирче Ацев” од спој со “Блажо Алексов” до ул.”Партизанска” и истата до спој со ул.”Илинденска”,
12. Ул.”Слога” од спој со ул.”Киро Крстев” до спој со ул.”Страшо Пинџур”,
13. “Брушанска”,
14. Ул.”Словенска”,
15. Ул.”Игман” до дел од ул.”Прилепска”,
16. Ул.”Дешка Тошева”,
17. Ул.”Задругарска”,
18. ул.”Пиринска”,
19. Ул.”16 Јуни”,
20. Ул.”14 мај”,
21. Ул.”Витачево”,
22. Ул.”Методија Џунов Џико” од спојот со ул.”Браќа Миладинови” до крајот,
23. ул.”Дисанска” до гаражата на “Тиквеш Транс”,
24. Ул.”Доне Попов” и ул.”Владимир Назор” со ул.”Вардарска”,
25. Ул.”Смилица”,
26. Ул.”Народна Младина”,
27. ул.“Добри Даскалов”,
28. “ул. “Ѓорѓи Сугаре”.

**Локални патишта**

1. Локален пат бр. 1107
Од регионален пат 1107 - Кавадарци - Прилеп до с.Шивец
2. Локален пат бр. 1108

Од регионален пат бр.1107 - Кавадарци - Прилеп - до с.Раец
3. Локален пат од П-1108 кон с. Рожден;
4. Локален пат за с.Бојанчиште
5. Локален пат бр.116 од регионален пат 1108 - до с.Рожден
6. Локален пат бр. 118 од регионаленпат 1108 - за с.Г.Бошава

III Приоритет

1. Ул.”Бигла”,
2. Ул.”Ѓорѓи Соколов”,
3. Ул.”Народни херои” од спој со ул.”Страшо Пинџур” преку ул.”Браќа Џунови” кај Кадрово маало до ул.”Слога”.

Локални патишта

1. Локален пат за с.Ќесендре
2. Локален пат за с.Шешково, с.Праведник, с.Добротино
3. Локален пат за с.Драдња
4. Локален пат за с.Мајдан
5. Локален пат за с.Драгожел
6. Локален пат с.Кошани
7. Локален пат с.Куманичево

Со Програмата за зимска служба во III приоритет се опфатени и локални патишта кои не се споменати во Програмата

5. ПРЕСМЕТКА ЗА ПОТРЕБНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПРИПРЕМА НА ЗИМСКА СЛУЖБА ПРИПРАВНОСТ И ДРЖУРСТВО

**5.1.** Материјални трошоци
- **Индустриска сол**
- **Песок**
- **Механизација и работна сила со ефективни часови на работа**
- **Дежурство % работна сила**
- **Приправност % механизација**
- **Приправност – Работна сила**

ВКУПНО: 3.000.000,00 денари

Динамиката на реализацијата ќе се утврди договорно меѓу субјектите по приоритет.

Потребните финансиски средства за зимска служба ќе се обезбедат од Јавното претпријатие за државни патишта на Република Македонија и тоа за 2022/2023 година или од буџетот на Локална Самоуправа Кавадарци.

**6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-6019/5** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци**

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Милена Ѓорѓиева од Кавадарци со адреса на ул.„Ѓорѓи Соколов"бр.102 Кавадарци, износ од 1.537,50 ден./м2 односно за 25 м2 надоместок во вкупен износ од 38.437,50 денари како и процесни трошоци во износ од 21.840,00 денари согласно доставен трошковник од страна на полномошникот на противникот.

3.Противникот е согласен надоместокот за експроприрано земјиште во износ од 38.437,50 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциска сметка на противникот а процесните трошоци во износ од 21.840,00 предлагачот Општина Кавадарци - Локална самоуправа да ги плати во истиот рок, на трансакционата сметка на полномошникот на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.22/22.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП бр.22/22 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-6019/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.28/22, поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.28/22, поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на цчлен 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски ВПП.бр.28/22 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.28/22, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.28/22 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.5589/3 м.в.„Домовица" култура гнз со новоформирана кп.бр.5589/20 во површина од 231м2 по Имотен лист бр.40 КО Кавадарци-вон град со право на сопственост на Бошков Ѓорѓи од с.Горна Бошава, заради градење на објект за општа употреба - дел од улица „Домовица" предвидена по ДУП за УЕ„Рајко Жинзифов" 2001-2006 согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-243 од 02.03.2022 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, по претходно изготвен Геодетски елаборат за геодетски работи со посебни намени нумерички податоци за реализација на урбанистички план нумерички податоци КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град со деловоден бр.0801-198/2020 од 24.11.2020 година изработен од ДГРИ„ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ"ДООЕЛ Кавадарци.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци –

Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Бошков Ѓорѓи од с. Горна Бошава Кавадарци, износ од 1.414,50 ден./м2 односно за 231 м2 надоместок во вкупен износ од 326.749,50 денари, како и процесни трошоци во износ од 10.920,00 денари согласно доставен трошковник од страна на полномошникот на противникот.

3. Противникот е согласен надоместокот за експроприраното земјиште во износ од 326.749,50 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциска сметка на противникот а процесните трошоци во износ од 10.920,00 предлагачот Општина Кавадарци - Локална самоуправа да ги плати во истиот рок, на трансаката сметка на полномошникот на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.28/22.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП бр.28/22 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-6019/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за престанок на важење на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ “Страшо Пинџур” Кавадарци движна ствар – автобус на едно ниво со архивски бр. 08-1461/50 од 12.03.2021 година и давање согласност за раскинување на Анекс кон Договор за давање на трајно користење бр.09-455/1 од 25.01.2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за престанок на важење на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци движна ствар – автобус на едно ниво со архивски бр. 08-1461/50 од 12.03.2021 година и давање согласност за раскинување на Анекс кон Договор за давање на трајно користење бр.09-455/1 од 25.01.2018 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/22** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за престанок на важење на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци движна ствар – автобус на едно ниво со архивски бр. 08-1461/50 од 12.03.2021 година и давање согласност за раскинување на Анекс кон Договор за давање на трајно користење бр.09-455/1 од 25.01.2018 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за давање на трајно користење на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци движна ствар – автобус на едно ниво со архивски бр. 08-1461/50 од 12.03.2021 година и давање согласност за раскинување на Анекс кон Договор за давање на трајно користење бр.09-455/1 од 25.01.2018 година, склучен помеѓу Општина Кавадарци Локална самоуправа и ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, заради потребите за обезбедување на возен парк за непречено работење на Јавното претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, а на вработените во ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци кои досега го користеа превозот со патничкото моторно возило предмет на Анкес договорот, ќе им биде обезбеден превоз до работното место од страна на Јавното претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6019/22** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** — **Претседател,**
**Кавадарци** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на трајно користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ без надомест на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на трајно користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ без надомест на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/23** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02) , а во врска со член 3 став 2 и член 42 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ" бр.78/15...275/19), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21), Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за давање на трајно користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ без надомест на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци дава на трајно користење и стопанисување на недвижна ствар- „Туристичко информативно биро„ и „Градска Винотека„ без надомест на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци

**Член 2**

Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот да склучи Договор за уредување на мегусебните односи со корисниците од член 1, во врска со давањето на недвижните ствари.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во„ Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6019/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/24** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 14 од Законот за локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. Весник на РМ“ бр.79/09), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-тата седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци.**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци го прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци, утврден од Советот на Општина Росоман со арх.бр.08-489/1.1 од 26.09.2022 година, поднесен од страна на Градоначалникот на Општина Росоман со арх.бр.08-489/3 од 27.09.2022 година, за вршење на работи од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија согласно Закон за градежно земјиште за потребите на Општина Росоман од страна на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-6019/24** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамо**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/25** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 8 од Законот за меѓуопшинска соработка („Сл. Весник на РМ" бр.79/09), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-тата седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**За формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци**

**Член 1**

Се формира заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци за користење на работи од страна на општинската администрација на Општина Кавадарци за потребите на Општина Росоман од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија согласно Закон за градежно земјиште.

**Член 2**

Заедничката комисија за МОС :

-ќе изготви предлог акт за воспоставување на МОС;

-ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува МОС.

**Член 3**

Заедничката комисија е составена од 4 членови, од кои 2 (два) члена од Општина Росоман и 2 (два) члена од Општина Кавадарци .

Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја координира работата на комисијата.

Во работата на комисијата може да учествуваат и стручни лица од областа во која се воспоставува меѓуопштинската соработка.

**Член 4**

Комисијата од член 1 на оваа Одлука, предлозите и актите ги подготвува врз основа на претходно направен анализа.

**Член 5**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци“

**Бр.08-6019/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/26** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. Весник на РМ“ бр.79/09),) член 132 став 3 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-тата седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци**

**Член 1**

За членови на зедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци за вршење на работи од страна на општинската администрација на Општина Кавадарци за потребите на Општина Росоман од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија согласно Закон за градежно земјиште., се именуваат,

1.Ленче Чиркова– општинска администрација;

2. Зорица Стефанова–општинска администрација .

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.08-6019/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/27** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), а во врска со член 4, 5, 6, 7, 10 и член 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл. Весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација Кутивчиња за "Гроздобер 2022 година" 3.400 броја (припреми и печатење на кутивчињата) од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп, за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес од областа на културата – организирање на културни манифестации, согласно член 22 ст.1 ал. 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 30.600,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи договор за донација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-6019/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за примање донација –извршување на градежни работи од Друштво градежништво и трговија „Градба Промет„ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање донација –извршување на градежни работи од Друштво градежништво и трговија „Градба Промет„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/28** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
Кавадарци д-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 4, 5, 6, 7, 10 и член 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл. Весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за примање на донација на материјално добро – извршување на градежни работи од Друштво за градежништво и трговија “ГРАДБА ПРОМЕТ” ДОО Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација извршување на градежни работи за Спортски Центар Кавадарци и извршување на градежни работи за улица “Дисанска” Кавадарци од страна на Друштво за градежништво и трговија “ГРАДБА ПРОМЕТ” ДОО Кавадарци со седиште на ул “8-ми Септември” бр.7 Кавадарци, за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа од областа на урбанистичкото (урбано и рурално) планирање и тоа уредување на просторот и уредувањето на градежното земјиште, како и од областа на спортот и рекреацијата и тоа изградба на објекти, согласно член 22 ст.1 ал.1 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од **1.652.007,67 денари** со вклучен ДДВ или поединечно:

- Извршување на градежни работи за Спортски Центар Кавадарци во вкупна вредност од 85.550,00 денари со вклучен ДДВ и
- Извршување на градежни работи за улица “Дисанска” Кавадарци во вкупна вредност од 1.566.457,67 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-6019/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.09.2022 година** **Претседател,**

**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за примање донација за примање донација – извршување на градежни работи од ЈА-МИ експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање донација за примање донација – извршување на градежни работи од ЈА-МИ експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/29** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 4, 5, 6, 7, 10 и член 11 од Законот за донации и спонзорства (,,Сл. Весник на РМ,, бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за примање донација – услуга извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги “ЈА-МИ” експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација - услуга извршување на градежни работи и тоа на локација Зелен Пазар, Голеш – Тиквешко Езеро, Село Шивец, Спортско игралиште во Село Глишиќ, Спортски центар “Јасмин” Кавадарци и во Село Бохула, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги ЈА-МИ експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци, заради остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа за уредување на просторот, уредувањето на градежното земјиште, заштита на животната средина и природата, како и од тоа од областа на спортот и рекреацијата и тоа изградба на објекти, согласно член 22 ст.1 ал.1, 2 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е во вкупен износ од **1.012.204,00 денари** со вкалкулиран ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, ги овластува членовите на совет Тони Нешковски и Јован Златевски, во име на Општината како примател на донацијата, да склучат Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-6019/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за примање донација извршување на градежни работи од Друштво за изведување на рударско градежни работи "МАШИНОКОП" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање донација извршување на градежни работи од Друштво за изведување на рударско градежни работи "МАШИНОКОП" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-6204/30** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), а во врска со член 4, 5, 6, 7, 10 и член 11 од Законот за донации и спонзорства (,,Сл. Весник на РМ,, бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница, одржана на ден 29.09.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за примање на донација на материјално добро – извршување на градежни работи од Друштво за изведување на рударско градежни работи "МАШИНОКОП" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација извршување на градежни работи за Спортски Центар "Јасмин" Кавадарци и игралиште во село Глишиќ од страна на Друштво за изведување на рударско градежни работи "МАШИНОКОП" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа од областа на спортот и рекреацијата и тоа изградба на објекти, согласно член 22 ст.1 ал. 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од **184.290,00 денари** со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-6019/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за усвојување на**
**Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци**
**за учебната 2021/2022 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/31** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02), а во врска со член 89-а став 1 алинеја 2, од Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95...64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 08/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21"), расправајки по Годишниот Извештај за работа на СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година,

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за работа на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година, со арх. бр.02-342/3, донесен на седница на Училишен Одбор на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци одржана на ден 25.08.2022 година .

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6019/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2022/2023 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2022/2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/32** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02), а во врска со член 29 став 6 и член 89-а став 1 алинеја 2, од Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95...64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 82 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр. 08/05,...... 75/21), расправајки по Годишната програма за работа на СОУ Гимназија ,,Добри Даскалов,, Кавадарци за учебната 2022/2023 година,

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Годишната програма за работа на СОУ Гимназија „ Добри Даскалов„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци ја донесе Годишната програма за работа на СОУ Гимназија ,,Добри Даскалов,, Кавадарци за учебната 2022/2023 година, со арх.бр.02-342/6 донесена на седница на Училишниот Одбор на СОУ Гимназија ,,Добри Даскалов,, Кавадарци одржана на ден 29.08.2022 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Училишниот одбор на СОУ Гимназија ,,Добри Даскалов,, Кавадарци .

**Член 3**

Се задолжува Училишниот одбор, Одлуката за донесување Годишната програма за работа на СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година и Годишната програма за работа за учебната 2022/2023 година, во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образование и Државниот просветен инспекторат.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6019/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2021/2022 година**

1. .СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОЗШУ “Ѓорче Петров” Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/33** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02), а во врска со член 89-а став 1 алинеја 2, од Законот за средно образование (“Сл.весник на РМ” бр.44/95...64/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20) член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 08/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21“), расправајки по Годишниот Извештај за работа на СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година,

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работа на**
**СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работа на СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година, со арх.бр.02-409/3 донесен на седница на Училишен Одбор на СОЗШУ ,,Ѓорче Петров,, Кавадарци одржана на ден 30.08.2022 година .

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6019/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување на**
**Годишна Програма за работа на СОЗШУ “Ѓорче Петров” Кавадарци за учебната 2022/2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОЗШУ “Ѓорче Петров” Кавадарци за учебната 2022/2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/34** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02), а во врска со член 29 став 6 и член 89-а став 1 алинеја 2, од Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95...64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 82 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр. 08/05,...... 75/21), расправајќи по Годишната програма за работа на СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година,

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Годишната програма за работа на СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци ја донесе Годишната програма за работа на СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година, со арх.бр.02-409/4 донесена на седница на Училишниот Одбор СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци одржана на ден 30.08.2022 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Училишниот одбор на СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци .

**Член 3**

Се задолжува Училишниот одбор, Одлуката за донесување Годишната програма за работа на СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година и Годишната програма за работа за учебната 2022/2023 година, во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образование и Државниот просветен инспекторат.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6019/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2021/2022 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2021/2022 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/35** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02), а во врска со член 89-а став 1 алинеја 2, од Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95...64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 08/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21"), расправајќи по Годишниот Извештај за работа на СОУ ,,Ќиро Спанџов Брко,, Кавадарци за учебната 2021/2022 година,

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОУ „Ќиро Спанџов Брко„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работа на СОУ ,,Ќиро Спанџов Брко„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година, со арх.бр.02-342/5 донесен на седница на Училишен Одбор на на СОУ ,,Ќиро Спанџов Брко„ одржана на ден 30.08.2022 година .

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6019/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за донесување на**
**Годишна Програма за работа на на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2022/2023 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2022/2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.09.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-6204/36** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.09.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02), а во врска со член 29 став 6 и член 89-а став 1 алинеја 2, од Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95...64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 82 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр. 08/05,...... 75/21), расправајки по Годишната програма за работа на СОУ „Ќиро Спанџов Брко„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година,

Советот на Општина Кавадарци на 18-та седница одржана на ден 29.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Годишната програма за работа на**
**СОУ „Ќиро Спанџов Брко„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци ја донесе Годишната програма за работа на СОУ „Ќиро Спанџов Брко„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година, со арх.бр.02-342/6 донесена на седница на Училишниот Одбор СОУ „Ќиро Спанџов Брко„ Кавадарци одржана на ден 30.08.2022 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Училишниот одбор на СОУ„Ќиро Спанџов Брко„ Кавадарци .

**Член 3**

Се задолжува Училишниот одбор, Одлуката за донесување Годишната програма за работа на СОУ „Ќиро Спанџов Брко„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година и Годишната програма за работа за учебната 2022/2023 година, во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образование и Државниот просветен инспекторат.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6019/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.09.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
